Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено: 06 11 2026			
Орг. Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
05	285/2		

До
Совет на
Општина Виница

Предмет: Барање на финансиски средства

БАРАЊЕ

Од ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ **БЕСКОНЕЧНО ЦАРСТВО**, со адреса: ул.Видое Смилевски-Бато бр.43, 2310 Виница.

Бесконечно Царство како здружение има мисија да ги едуцира родителите и стручните лица кои работат со деца за правилната употреба на технологијата и да креира едукативна и безбедна медиумска содржина за деца. Тоа значи да создаде простор кој ќе ги научи семејствата како да управуваат со технологијата, без таа да управува со нивниот живот.

За реализацијата на дел од програмата бараме финансиски средства во износ од 60 000 денари, со што нашиот тим би се погрижил да го едуцира населението, да го разубави културниот живот во градот и да креира вредни печатени материјали за децата кои ќе ги развиваат вештините на 21 век. Граѓаните на општина Виница заслужуваат да почувствуваат безбеден и развоен простор за нивното семејство. Во целосно дигитализиран свет кој зазема голем дел од нашето секојдневие малите места во државата заслужуваат остварување на големи мисии.

Тоа не мотивираше заедно со мојот тим да го создадеме првото онлајн детско радио за деца во државата. Дополнително создаваме медиумски содржини за деца, куклени претстави, едукации за родители и стручен кадар, а наскоро излегува и нашата прва сликовница. По тој повод Ви ја доставуваме целосната програма на нашето здружение Бесконечно Царство за 2026.

1. Во текот на годината предвидено е во ОУ„Славчо Стојменски“ и ОУ „Гоце Делчев“ да се оддржат еднодневни обуки за образовниот кадар на тема „Како технологијата да не го убие образованието?“, кои би чинеле 3000 ден само за сертификати, предавањето ќе биде бесплатно.
2. Минимални месечни трошоци за плаќање на серверот и техничка поддршка за радиото се 12 000 ден. на годишно ниво. Односно 1000 ден на месечно ниво. На овој дигитален простор би направиле емисии за поддршка на локални таленти.
3. Оддржување на Веб-сајтот на здружението со хостинг и домеин на кој се емитува радиото не чини вкупно 10 000 ден.
4. Трошоци за помошни дидактички материјали за градинка ОЈУДГ „Гоце Делчев“ 35 000 ден.

5. Реализација на 4 куклени претстави, 4 креативни работилници и 4 читачки работилници 0 ден.

Јас, Николина Петровска како еден од основачите на здружението повеќе од 10 години истражувам и се едуцирам на темата „Деца и медиуми“. Знаењето кое имав можност да го стекнам со едукации во земјава и странство, предавањата кои ги држам онлајн и практичната примена со работата со над 3000 деца, сакам да допринесам во развојот на идните генераци како некој кој поседува знаење и носи своја одговорност за развојот на идните генерации.

Како претседател на здруженето барам ваша финансиска поддршка за реализација на програмата. Средствата се потребни за понатамошен развој на здружението.

Со реализација на програмата би се погрижиле да заштитиме што поголем број на деца од штетното влијание на неправилна употреба на технологијата. Граѓаните на Виница заслужуваат да се почувствуваат безбедно во дигиталниот свет, кој се повеќе е дел од секојдневното живеење.

Однапред Ви благодарам,

Подносител:

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
БЕСКОНЕЧНО ЦАРСТВО
ЕМБС 7830203
Бр. на сметка 300220000090041
Комерцијална банка

06.11.2025

Одговорно лице:

М-р Николина Петровска,
Медиумски едукатор
Тел. за контакт 078 20 90 91